Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
Бр. 02-205/1
26.2. 2025 година
СКОПЈЕ

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Врз основа на член 32, а во врска со член 37 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 178/2021), Деканот на Факултетот за музичка уметност – Скопје, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за повторување на избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание при Факултетот за музичка уметност – Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука повторно се распишуваат изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

**Член 2**

Изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање на ден 4.3.2025 година од 13:00 часот до 15:00 часот.

**Член 3**

За членови на изборна комисија за спроведување на изборите за претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, се задолжува истата Комисија.

**Член 4**

Изборната комисија ги има истите права и обврски како и во претходниот циклус на избори.

Изборната комисија ќе го користи донесеното Упатство за спроведување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје (во натамошниот текст: Упатството).

**Член 5**

Изборната комисија, изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје, ќе ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на Факултетот за музичка уметност – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'' во Скопје, Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за музичка уметност – Скопје и Упатството.

**Член 6**

Право да избираат имаат сите студенти кои се запишани на студии во летниот семестар во учебната 2025/2026 година.

Право да бидат избрани за членови и претседател на Факултетското студентско собрание имаат кандидатите кои биле номинирани во претходниот циклус на избори.

За избран претседател на Факултетското студентско собрание се смета кандидатот кој добил најмногу гласови од студентите кои гласале.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително да се објави на веб-страницата на Факултетот.

Декан,
проф. м-р Дарија Андовска

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ * ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ * РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА